Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektroenergjetik të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetimin të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 03 - 8087
17.12 20 24 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање преку е-пошта од 28.11.2024 година од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, бул. „Кочо Рацин", бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин", бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин", бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

**Образложение**

Барателот на информацијата - Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин", бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ на ден 18.07.2024 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање за увид во постапката за јавна набавка на Услуги Market Management System, бр, 11970/2024 и тоа:

- Одлука за јавна набавка;
- Записник од отворањето на понудите;
- Записник од спроведениот технички дијалог;
- Пристигнати понуди или пријави за учество (Образец на понуда – Финансиска понуда)
- Извештај за извршената евалуација;
- Извештај за спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка;
- Одлука за извор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката;
- Потпишан Договор за јавна набавка или рамковната спогодба и
- Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола.

Информацијата ја бараат во форма на електронски запис по е-маил.

**ПРИЛОГ:**

1. Одлука за јавна набавка,
2. Записник од јавното отварање на понудите,
3. Образец на понуда и Прилог 2 со цени (пристигната е само една понуда).
4. Извештај од извршена евалуација од техничката комисија,
5. Извештај од спроведената постапка,
6. Одлука за избор на најповолна понуда,
7. Склучен договор за јавна набавка.

Бидејќи Имателот ги достави сите документи со кои располага а се содржани во барањето од 28.11.2024 година од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации бул. „Кочо Рацин", бр. 26-1/2, Скопје, преку полномошник Сабина Факиќ, се смета дека Имателот постапи во целост по барањето.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение баратeлот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Doc. D-r. Burim Latifi**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но

- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива